РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-468/4
04-04-2023 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 84-та седница одржано на 31.03.2023 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-468/1 од 25.01.2023 година **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-468/1 од 25.01.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 25.01.2023 година, поднесена е пријава во која што се наведени наводи за злоупотреба на службена должност и јавно овластување при донесување на јавно обвинителски одлуки, по која е оформен предмет број 12-468/1 од 25.01.2023 година.

Пријавените наводи конкретно се однесуваат на злоупотреба и неправилности од страна на јавен обвивител во донесување обвинителски одлуки во корист на посочените лица во пријавата, а станува збор за предмет оформен во Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција со број КО.бр.162/19 од 17.11.2020 година оформен по пријава поднесена од група пратеници на РСМ, и заверена под архивски број А бр.20/18 со наводи против лицата _____ _____ _ ____ _____ по кој предмет постапувала обвинителката _____ _____. Во пријавата се наведува дека горе посочените лица искористувајќи ја својата политичка моќ а притоа свесни дека со сторените дејствија ќе направат штета на државниот буџет, издејствувале да биде прекинат процесот за попис на населението во 2011 година, со образложение дека во тие моменти нема политички капацитет за истиот да биде спроведен и реализиран.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

При надлежното постапување по оформениот предмет од страна на ДКСК преземени се дејствија во насока на утврдување на фактичката состојба за предметниот случај, и доставено е барање за прибирање на дополнителни информации до Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција-Скопје, за тоа во која фаза се наоѓа постапувањето по предметот КО.бр.162/19 од 17.11.2020 година со копија од евентуално донесена јавно обвинителска одлука или друг акт од надлежност на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција, на што добиен е одговор и од извршениот увид во доставените прилози констатирано е следново:

Од страна на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција по однос на доставена пријава бил оформен предмет, и по истиот се постапувало и врз основа на добиените искази и прибраниот доказен материјал од страна на јавниот обвинител согласно чл.304 ст.1 била донесена наредба за запирање на истражната постапка од причина што делото што им се става на товар на осомничените не е кривично дело кое се гони по службена должност.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека нема основ за понатамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи и бил донесен акт во нивна надлежност.

Врз основа на горенаведеното ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: П.Б

Одобрил: м-р, Ш.С., Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател,
Катица Николовска